АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 28.12.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5587 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 11 декември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 декември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*прикриено рекламирање*)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 4.12.2018 година, за непочитување на членот 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-541, од 4.12.2018 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот веднаш по приемот на решението (4.12.2018 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 11 декември 2018 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Опис на прекршувањето: /
9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*